# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025

# ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА

## Мисија

Насочена кон анализа на националната легислатива, компаративна анализа и препораки за подобрување на законската рамка, детектирање на ранливости во законите и правната рамка коишто потенцијално овозможуваат корупција, анализа на системот на национален интегритет на Република Северна Македонија преку анализа на анти-корупциските столбови, соработка со клучни засегнати страни (државни институции, граѓански сектор, бизнис заедницата, медиумите, граѓаните)

## Главна цел

Да се воспостави систем на добро владеење за ефикасна превенција за борба против корупцијата

## Визија

Искоренување на корупцијата од македонското општество и воспоставување на систем на владеење на правото и општество во кое граѓаните и институциите се спротивставуваат на корупцијата и на незаконските политики

## ВОВЕД

Транспаренси Интернешнл-Македонија е национален огранок на Транспаренси Интернешнл, глобалната граѓанска организација за борбата против корупцијата со над 100 национални ограноци ширум светот. Организацијата е посветена на борбата против корупцијата и промовирање политики кои ги поддржуваат клучните реформи во политичката и социјалната сфера и игра значајна улога во подигнувањето на свеста кај граѓаните за корупцијата и важноста на укажувањето како ефективна мерка за зајакнување на напорите во борба против корупцијата. Успешното остварување на нашите цели е возможно преку ефикасна имплементација на проектите. ТИ-Македонија во 2025 година ги спроведува следните проекти: Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет; Зајакнување на укажувачите во борбата против корупцијата; Зајакнување на регионалните механизми за борба против корупцијата и неказнивоста, Смарт Балкан програма: Оперативен грант, Истражување за Индекс на локална

транспарентност во Северна Македонија и ЕУ4 Владеење на правото:Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција. Континуирано ја зајакнуваме нашата соработка со домашни и странски институции и невладини организации и тела, поединци и групи, како и со медиумите кои се борат против корупцијата. Како резултат на ова, организацијата е членка на коалициите: Transparency International, Платформата на граѓански организации во борба против корупцијата, Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа и Коалицијата UNCAC (Коалицијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата).

## **Проекти**:

Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет

Зајакнување на укажувачите во борбата против корупцијата

Зајакнување на регионалните механизми за борба против корупцијата и неказнивоста

Смарт Балкан програма: Оперативен грант

Истражување за Индекс на локална транспарентност во Северна Македонија

ЕУ4 Владеење на правото:Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција

## **Коалиции:**

- Transparency International (https://www.transparency.org/en/ )
- Платформата на граѓански организации во борба против корупцијата (https://www.antikorupcija.mk/ )
- Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа (https://see-whistleblowing.org/ )
- Коалицијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата (https://uncaccoalition.org/ )

## Индекс на перцепција на корупцијата




На почетокот на годината беа објавени резултатите од Индексот на перцепција на корупцијата (ИПК) за 2025 година. ТИ-Македонија одржа прес-конференција на која беа презентирани резултатите. „ Република Северна Македонија и годинава бележи 40 поени на Индексот за перцепција на корупцијата, што значи дека нема суштински напредок во борбата против корупцијата, туку има константа како почетна точка од која работите треба да тргнат на подобро. Формално сме позиционирани четири места подобро на ранг-листата од минатата година и сега ја заземаме 84- та позиција. Ова подобрување покажува дека минатата година во борбата против корупцијата ни одело подобро од 4 други држави. Клучните системски проблеми и понатаму остануваат неуспешните и недовршени реформи во судството и обвинителството, кои не успеваат да обезбедат ефикасен, независен и одговорен правосуден систем. Дополнително, случувањата поврзани со поранешната претседателка на Државната комисија за спречување на корупцијата сериозно ја наруши довербата на јавноста во институциите задолжени за борба против корупцијата.Загрижува и нетранспарентниот процес на изготвување на измените на Кривичниот законик, како и нивната содржина, која не само што не придонесе за зајакнување на антикорупциската рамка, туку во одредени сегменти ја ослаби. Исто така, се уште не се донесени и новиот Закон за укажувачи, како и измените на Законот за спречување на корупција и судир на интереси, едни од најважните закони во борбата против корупцијата”.

## Центар за правни совети на жртви и сведоци од корупција, со посебен осврт на укажувачите

Центрите за правни совети (АЛАК) се присутни повеќе од две децении во над 60 земји. Нивната примарна цел е да ги охрабрат поединците, како и приватните и јавните организации да пријават случаи на корупција и да ги поддржат во барањето правда.

Центарот за правни совети на ТИ-Македонија во 2025 година прими 184 пријави од граѓани кои храбро се спротивставија на разни видови коруптивни дејствија. Заложбите на граѓаните несомнено ќе придонесат за потранспарентно и пофер општество.

Начин на кој граѓаните пристапиле до АЛАК центарот најчесто е преку платформата Пријави Корупција, следен начин на пристап е преку телефон и многу често граѓаните доаѓаат лично во нашата канцеларија. Потоа следат пријави преку платформите GlobaLeaks и Укажувач.мк, преку нашата Web страна и Facebook, но не отсуствуваат пријави и преку пошта.

Сумирано по градови, предводи Скопје, па следуваат Гостивар, Охрид, Штип и Велес. Останатите градови се опфатени со значително помал број на пријави.

Во изминатата година најмногу пријави биле примени во Месец Јули, па Декември, Октомври и Септември, додека најмалку во Март и Мај.

Традиционално најмногу поплаки и пријави се од областа на правосудството, потоа следуваат финансиите, образованието, здравството и локалната самоуправа, па царината услужните дејности и јавните набавки. Останатите области се во помал процент за разлика од посочените, но не и со помало значење, напротив истите се показател дека граѓаните се охрабруваат да пријавуваат во сите области.

## Смарт Балкан програма: Оперативен грант

**Барометар на корупција** - ТИ-Македонија континуирано ги следи случаите и дејствијата поврзани со коруптивни однесувања и борбата против корупцијата. Како резултат на тоа, ТИ-Македонија започна да подготвува месечен Барометар на корупција. Во Барометарот на корупција, случаите поврзани со борбата против корупцијата и владеењето на правото се поделени на „бистри“ и „матни“ настани. Следењето на овие настани доби голем одзив како од јавноста, така и од домашните и странските институции и со текот на времето прерасна во релевантен алтернативен барометар на корупцијата и на волјата на државата да се справува со овој проблем.

Во текот на проектот беа изработени неколку документи од различни области: Оцена за регулативата за политички интегритет во Северна Македонија; Со користење на отворени податоци до јакнење на политичкиот интегритет; Корупција и лошо управување со животната средина во проектите за пренасочување и реставрација на реката Сатеска

## Истражување за Индекс на локална транспарентност во Северна Македонија

Во текот на 2025 година, Транспаренси Интернешнл- Македонија спроведе пилот оцена на индексот на транспарентност на локалната самоуправа според методологија на Transparency International со цел да утврди колку општините се транспарентни пред граѓаните, како ги објавуваат информациите за работата на општината, колку се тие достапни до граѓаните и на кој начин граѓаните може да пристапат и до институциите, но и до користењето на услугите кои ги овозможува општината. Беа оценувани врз основа на прашалник составен од 91 прашање кои опфаќа повеќе области од работата на општините. Како примерок беше земена најголемата општина по број на жители во секој од планските региони и тоа општините: Аеродром, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип.

Овој индекс е збир од позитивни бодови добиени од индикатори кои вклучуваат анализа на веб-страници, документи, одговори на барања за слободен пристап до информации и директен увид во функционирањето на администрацијата, т.е. центрите за услуги, како и податоци добиени од други органи. Индикаторите се поделени во 8 целини и ја оценуваат транспарентноста во следните области од работата на локалната самоуправа и тоа: работата на Советот; буџетот со кој располагаат општините; единиците на локалната самоуправа и граѓаните; слободниот пристап до информации од јавен карактер; јавни набавки; транспарентност на јавните претпријатија и јавните установи; јавни расправи и останати индикатори.

Наодите укажуваат на тоа дека локалните власти сè уште не се на високо ниво по нивната транспарентност и отчетност и се потребни дополнителни напори за да се обезбедат навремени податоци за нивното функционирање и за услугите кои им ги нудат на граѓаните.

Највисоко оценета општина е општина Битола со 67 бодови, потоа следува општина Велес со 60, општина Штип со 55, општина Струмица со 54, општина Куманово е оценета со 51 бод, општина Аеродром со 49, општина Тетово со 43 бодови и најслабо оценета е општина Охрид со 39 бодови.

Просечна оцена изнесува 52 бодови.

### Зајакнување на укажувачите во борбата против корупцијата

Во текот на проектот беа изработени две алатки за успешно воспоставување на системи за внатрешно пријавување од страна на укажувачи:
Внатрешни системи за укажување неправилности-Рамка за самооценување за јавните и приватните организации и
Внатрешни системи за укажување Принципи за најдобра практика за јавни и приватни организации

### Зајакнување на регионалните механизми за борба против корупцијата и неказнивоста

Заштитено внатрешно пријавување укажувачот врши во институцијата, односно во правното лице, за каде има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело, или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.
Транспаренси Интернешнл-Македонија ја ажурираше листата на овластени лица за внатрешно пријавување, која може да се погледне на следниот линк.

### Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет

Во рамките на проектот: „Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет“ се одржа средба меѓу членовите на Регионалната заедница на практики во Скопје на која се разговараше за политичкиот интегритет и важноста на отворените податоци во борбата против корупцијата во земјите од Западен Балкан и Турција.

Состанокот се одржа на 27-ми и 28-ми февруари 2025 година. Дискусиите помеѓу професионалци од институциите, граѓанското општество и академијата беа поделени во три интересни панели кои опфаќаа: Поднесување на изјави за имотна состојба и интереси; Политичко финансирање и Јавни набавки.

Во текот на проектот беа изработени неколку документи од различни области: Управување со и обезбедување на ресурсите на судската власт; Проблемите во правосудството и последиците по корупцијата; Предизвиците за унапредување на транспарентност во финансирањето на политичките партии во Северна Македонија; Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства: клуч за зголемување на транспарентноста и интегритетот на обвинителството; Почитување на принципот на еднаквост и недискриминација:Улогата на Народниот правобранител на РСМ и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**.**

**Доделување на под-грантови во рамките на проектот: „Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет“ -** На 29-ти септември 2025 во Граѓанскиот ресурсен центар беа потпишани договорите за спроведување на пет под-грантови доделени од страна на Траснпаренси Интернешнл- Македонија во рамките на проектот: „Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет“, поддржан од Европската Унија.

**Платформа www.integritywatch.mk – податоци за финансирањето на политичките партии, јавните набавки и експлоатацијата на минерални суровини и хидроелектрани -** Integrity Watch платформата за Северна Македонија е платформа со отворени податоци која им овозможува на граѓаните да истражуваат како парите и моќта се пресекуваат во процесите на донесување јавни одлуки. Развиена од Транспаренси Интернешнл – Македонија, платформата обединува клучни сетови на податоци за финансирањето на политичките партии, јавните набавки и експлоатацијата на минерални суровини и хидроелектрани – трите области кои се најранливи на корупција и злоупотреба на јавна функција.

## Публикации:

**Оцена за регулативата за политички интегритет во Северна Македонија -** Во рамките на проектот: „Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет“ беше подготвен извештајот: „Оцена за регулативата за политички интегритет во Северна Македонија“. Во ова истражување се анализира пристапноста до отворени податоци кои осигуруваат политички интегритет.

**Внатрешни системи за укажување Принципи за најдобра практика за јавни и приватни организации** Укажувањето е откривање на информации за сомневањата за неправилности на поединци или субјекти за кои се верува дека може да преземат дејствија. Самите организации често се во најдобра позиција да се справат со неправилностите што се случуваат во рамките на нивната надлежност и, во практиката, најголемиот број укажувачи прво ги пријавуваат таквите сомневања за неправилности

во рамките на нивната организација. Оттаму, од суштинско значење е организациите, без оглед на тоа дали се приватни компании или јавни институции, да обезбедат безбедни и ефективни механизми за примање и решавање на овие пријави, како и робусна заштита на укажувачите. Оваа публикација има за цел да ги поддржи организациите во спроведувањето ефективни внатрешни системи за укажување. Таа, исто така, се обидува да им помогне на организациите да ги исполнат своите обврски од Директивата на ЕУ за заштита на укажувачи.

**Внатрешни системи за укажување неправилности - Рамка за самооценување за јавните и приватните организации** Транспаренси Интернешнал ја изготви оваа рамка за самооценување со цел да им помогне на организациите во процесот на воспоставување, спроведување и ревидирање на своите внатрешни системи за укажување неправилности, така што тие ќе бидат ефективни и усогласени со најдобрите практики и меѓународните стандарди. Транспаренси Интернешнал и со ISO Насоките за системите за управување со укажувањето неправилности. Иако се нарекува рамка за „самооценување“, оваа алатка може да се користи и од трети организации, како што се граѓански организации, државни институции и консултантски тела,

## Кампања за светскиот ден на укажувачите:



Укажувачите како вредна алатка за борба против корупцијата;
Од политика до пракса: Како да изградиме ефикасни системи за укажување на неправилности;
Светски ден на укажувачите: Цената на откривањето на фактите во ерата на дезинформации;
Важноста да се слушне гласот на укажувачите;

## Јавни реакции – истакнато

**Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата и Блупринт групата за реформи во правосудството реагираат на Измените на КЗ кои создаваат правна несигурност и ризик од институционална конфузија во преоден период -** Иако ја поздравуваме иницијативата за интервенирање во Кривичниот законик, сметаме дека предложените измени, во сегашната форма, не претставуваат вистинско враќање на состојбата пред 2023 година, туку воведуваат нови решенија со сериозни последици по правната сигурност и борбата против корупцијата.

**Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара итно донесување на Предлогот на Закон за заштита на укажувачи, како клучен чекор против корупцијата -** Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара итно донесување на Предлогот на Закон за заштита на укажувачи. Платформата на граѓански организации за борбата против корупцијата изразува сериозна загриженост поради бавниот процес на донесување на Предлогот на Закон за заштита на укажувачи. Иако Платформата активно учествуваше во работната група формирана од Министерството за правда и беа одржани 15 состаноци и две јавни дебати уште во декември 2023 година, процесот и понатаму неоправдано доцни.

## Настани – истакнато

**Меѓународната конференција „Зајакнување на интегритетот и независноста на кривичната правда во Западен Балкан“ -** Претседателот на Транспаренси Интернешнл Македонија Благоја Пандовски учествува на меѓународната конференција на високо ниво „Зајакнување на интегритетот и независноста на кривичната правда во Западен Балкан“, што се одржа во Љубљана од 10 до 11 март, во организација на Министерството за правда на Словенија и Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (GI-TOC). Конференцијата ги собра претставниците на владините институции, антикорупциските тела на земјите од Западен Балкан, судските власти, меѓународните и регионалните организации, како и граѓанското општество, со цел да се подобри културата на интегритет во кривичната правда. Посебен акцент беше ставен на размената на искуства, стратегии и иновативни пристапи за систематско спречување на корупцијата и примена на антикорупциски инструменти.

**Работилница со повеќе засегнати страни за имплементација на Конвенцијата на ОН против корупција (UNCAC) во Југоисточна Европа -** Претставник од Транспаренси Интернешнл-Македонија Викторија Милеска-Цветаноска учествуваше на работилницата со повеќе засегнати страни за имплементација на Конвенцијата на ОН против корупција (UNCAC) во Југоисточна Европа, која се одржа од 8 до 10 април 2025 година во Врдник, Србија. Работилницата имаше за цел да го зајакне разбирањето на учесниците за Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (UNCAC), нејзиниот Механизам за преглед на имплементацијата, како и пошироките врски помеѓу корупцијата и организираниот криминал, вклучително и важноста на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (UNTOC).

**Работилница за можностите, користењето и пречките за користење на податоците од Регистарот на вистински сопственици во земјава во борбата против корупцијата -** На 21 мај 2025 година во хотел Солун се одржа работилница за можностите, користењето и пречките за користење на податоците од Регистарот на вистински сопственици во земјава во борбата против корупцијата организирана од страна на Центарот за граѓански комуникации (ЦГК). На оваа работилница беше претставена „Анализата на користењето на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата во Северна Македонија" подготвена од страна на организацијата.

**Ефикасноста на институционалниот одговор во Република Северна Македонија на препораките на ЕУ за конфискација и управување со имот стекнат од криминал -** Националната конвенција за Европската Унија во Северна Македонија, во организација на Европското движење, денеска беше домаќин на 17. сесија на Работната група 4 – Правда, слобода и безбедност (Поглавје 24) на тема „Ефикасноста на институционалниот одговор во Република Северна Македонија на препораките на ЕУ за конфискација и управување со имот стекнат од криминал".

**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл-Македонија -** Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл-Македонија потпишаа Меморандум за соработка со цел зајакнување на соработката од областа на борбата против корупцијата и организираниот криминал.

**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Транспаренси Интернешнл – Македонија -** Министерството за внатрешни работи и Транспаренси Интернешнл – Македонија потпишаа Меморандум за соработка со цел унапредување на партнерството во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

**Камп за политички интегритет „Заштита на демократијата: Справување со стратешката корупција и унапредување на политичкиот интегритет" -** На 12-ти и 13-ти ноември 2025 година во Варшава, Полска, се одржа 7-от камп за политички интегритет. Оваа година настанот беше посветен на темата: „Заштита на демократијата: Справување со стратешката корупција и унапредување на политичкиот интегритет". Главната цел на овој камп беше да обезбеди регионална платформа за дијалог и размена на искуства во врска со растечката закана што стратешката корупција ја претставува за демократското владеење, институционалната отпорност и политичкиот интегритет низ регионот на ОБСЕ.

**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Управата за извршување на санкции и Транспаренси Интернешнл – Македонија -** Управата за извршување на санкции и Транспаренси Интернешнл – Македонија потпишаа Меморандум за соработка со цел унапредување на партнерството во спроведување на активностите од областа на борбата против корупцијата, подобрување на интегритетот и професионалните стандарди на вработените во пенитенцијарниот систем и заштитеното пријавување од страна на укажувачи.

**Одржана** **работилница** **за тестирање на Integrity Watch Платформа -** Во рамките на дводневните активности на Платформата на организации за борба против корупција беше претставена и тестирана и Integrity Watch Платформа, развиена од страна на Транспаренси Интернешнл- Македонија во рамките на на проектот: „Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет", финансиски поддржана од Европска Унија и регионалниот проект СМАРТ Балкан – Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан кој е финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

**Одбележување** **на Меѓународниот ден за борба против корупцијата и промовирање на новата Платформа Integrity Watch – www.integritywatch.mk -** Транспаренси Интернешнл-Македонија со конференција организирана под насловот: „Интегритетот како алатка во борбата против корупцијата" на 09-ти декември 2025 година го одбележи Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Одбележувањето на овој ден се искористи пред присутните претставници од извршната, законодавната и судската власт, невладиниот сектор и претставниците од меѓународните организации, да се дискутира за интегритетот на институциите и носителите на јавни функции како моќна алатка во борбата против корупцијата.

**Регионален** **форум** **за унапредување на интегритетот и институционалните реформи на Западен Балкан одржан во Скопје -** На 10 декември 2025 година во Скопје се одржа регионалниот форум на тема: *„Од политика до импакт: Унапредување на интегритетот и институционалните реформи на Западен Балкан"*. Форумот ги обедини претставниците на институции, меѓународни и граѓански организации, како и амбасадори од регионот, со цел да разговараат за регионалните перспективи, можности и активности кои треба да се преземат за унапредување на борбата против корупцијата, не само на национално, туку и на регионално ниво.

**Одржана** **презентација** **за функционалностите на Integrity Watch Платформата во Прилеп -** На 12 декември 2025 во Прилеп беше организирана Обуката „Следење на јавните набавки на Општините" наменета за претставници на граѓански организации, јавни институции, локални медиуми и заинтересирани граѓани од општините Прилеп и Крушево.

## Интервјуа/ТВ дебати – истакнато

**Тромавото** **обвинителство не постапува по пријавите на антикорупционерите и ревизорите, а за пријавите на МВР тера предистраги -** Тромаво обвинителство коешто не само што не постапува по допрен глас, туку и ги игнорира и пријавите на Антикорупциска, а и извештаите на Државниот завод за ревизија. Ова е причината зошто граѓаните не им веруваат на гонителите на криминал коишто во борбата со корупцијата последниве години покажаа нула резултати. Вака ги коментира обвинителите и ја оценува нивната работа, претседателот на Транспаренси Интернешнл, Благоја Пандовски. Им недостасува кадар, но обвинителите се клучот во борбата против корупција, па нивното бавно и тромаво работење ништо не го оправдува, појаснува претседателот на невладината којашто со години мери корупција во земјава.

**Учество на Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија, г-дин Благоја Пандовски во емисијата „За или против“ -** Како и секогаш, проблемите во судството се топ тема кое го засега нашето општество. Току ова беше и темата на емисијата „За или против“ во која учествуваше Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија, г-дин Благоја Пандовски. Во текот на емисијата се говореше за судски пресуди кои имаат елементи на политичка корупција, реформи во правосудството, борбата против корупцијата, измените на законите и дурги теми кои се од голем интерес за унапредување на владеењето на правото. Г-дин Пандовски даде осврт на подготвениот Национален систем на интегритет кој опфаќа анализа на 15 столбови дел од целокупниот систен на борбата против корупцијата. Ја истакна важноста на постоење интегритет и одговорност кај институциите за да имаме ефективна имплементација на антикорупциските политики.

**Гостување на претседателот на Транспаренси Интернешнл-Македонија Благоја Пандовски на ТВ 24 -** Претседателот на Транспаренси Интернешнл-Македонија Благоја Пандовски гостуваше во емисијата "Аргумент плус" на ТВ 24. Во емисијата се разговараше за непочитувањето на обврската за пријавување имотна состојба, оставката на јавниот обвинител, недонесување на измените на Кривичниот Закон и недоволна транспарентност на институциите.